# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Дирекција за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки

Бр. 16 – 4585/1 Скопје, 13.2.2020 година

**До сите банки**
**- за Управниот одбор**

Почитувани,

Во прилог на овој допис ви ги доставуваме Анкетата за согледувањата на банките за ризиците од опкружувањето и Анкетата за оценка на ризиците врз финансиската стабилност во Република Северна Македонија. Двете анкети се наменети за лицата во банката кои се надлежни за управувањето со ризиците. Целта на двете анкети е да се осознаат согледувањата на банките за главните ризици коишто произлегуваат од окружувањето и со кои би се соочиле банките во текот на 2020 година и за главните извори на ризици за финансиската стабилност во земјата.

Анкетите се достапни во електронска форма на интернет-страницата на Народната банка, во папката „Супервизија / Извештаи, показатели, презентации и обрасци / Анкети".

Одговорите на анкетите ќе се сметаат како доверливи, ќе се користат исклучиво за аналитички цели на Народната банка, а ќе бидат објавени само во агрегирана форма.

Ве молиме да ги пополните анкетите и да ги доставите до Дирекцијата за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки при Народната банка, најдоцна до 3.3.2020 година, во електронска форма на следнава електронска адреса: MucevaE@nbrm.mk.

За сите прашања при пополнувањето на анкетите обратете се до Љупка Георгиевска на тел. 023108155 или на е-адресата GeorgievskaL@nbrm.mk и до Елена Мучева Михајловска на тел. 023108128 или на е-адресата MucevaE@nbrm.mk, вработени во Дирекцијата за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки.

Со почит,

________________________

Директор
Наташа Андреева